

**Соопштение**

*Скопје, 4 октомври 2007*

## Здружението БОРКА организира собирање донации за бесплатни прегледи на дојка

Во рамките на Алијансата за борба против ракот на дојка, здружението Борка спроведува акција за собирање донации кои ќе ја поддржат оваа кампања.

Целта на донациите е да се обезбедат средства за бесплатни прегледи на дојка за жени со неповолна социјална положба.
Едукацијата, информирањето и поддршката се главните алатки кои придонесуваат ракот на дојка да се третира како излечива болест.

Имено,
Почетната фаза на овој вид на канцер може да се излекува кај повеќе од 95% од заболените, доколку се прават навремени и редовни лекарски контроли со цел рана дијагноза и рани третмани.

За таа цел, повикуваме на дигање свест кај граѓаните на Република Македонија за потребата од навремена интервенција и превенција.

Доколку сакате да се приклучите кон оваа иницијатива и да придонесете во борбата против ракот на дојка можете да донирате средства со повикување на броевите:

**COSMOFON** **075 143 700**
и
**T Mobile** **070 143 777**

*** цената на еден повик е 100 денари + ДДВ**

Вашата поддршка ќе можете да ја дадете и на централниот настан на оваа кампања, кој ќе се случи на 6-ти октомври 2007, точно на пладне, на платото пред домот на АРМ во Скопје.

СОБРАНИТЕ СРЕДСТВА ЌЕ БИДАТ ДОНИРАНИ ЗА БЕСПЛАТНИ ПРЕГЛЕДИ НА ДОЈКА. ПРЕДНОСТ ЌЕ ИМААТ ЖЕНИ СО НЕПОВОЛНА СОЦИЈАЛНА ПОЛОЖБА. ПРЕГЛЕДИТЕ ЌЕ СЕ РЕАЛИЗИРААТ ВО СОРАБОТКА СО ДИЈАГНОСТИЧКИОТ ЦЕНТАР.

Сите заинтересирани жени за за бесплатен преглед, можат да се пријават во здружението Борка на следниов начин:
Тел. 02/ 3224 636
Е-пошта. borka.mk@gmail.com

Пријавувањето се одвива секој работен ден, 10:00 – 18:00 часот, најдоцна до 26ти Октомври.

*За секој нов ден,*
*Биба Додева,*
*Претседател на Борка*

02/ 3224 636
borka.mk@gmail.com

